Врз основа на член 343 став 1, 344, 364, 365 и 367 од Законот за трговските друштва, а во согласност со член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 29.05.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на членови на Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

1. За членови на Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, **се избираат**:

   - Драган Наков - независен член
   - Штерјо Наков
   - Тодор Сејзов
   - Стефан Станкоски

2. Мандатот на новоизбраните членови согласно статутот на друштвото трае 6 години.
3. Надоместокот за членство на неизвршните членови во Одборот на директори изнесува 30.000 денари месечно.
4. Се задолжуваат лицата од став 1 на оваа Одлука, избрани за членови на Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, по влегување во сила на оваа Одлука да одржат конститутивна седница на која ќе изберат Претседател на Одборот на директори и ќе определат лице кое ќе биде извршен член, и ќе го носи називот Генерален извршен директор.
5. Се овластува Претседателот на Одборот на директори да ополномошти регистрационен агент кој ќе поднесе пријава за упис на избраните членови во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Образложение:**

Согласно истекот на мандатот на досегашните членови на Одборот на директори, Годишното Собрание на акционери согласно одредбите од Закон за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во дипозитивот

**Бр.02-470/12**
**29.05.2023 година**
**Скопје**

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач**
**Мирјана Настовска-Митрова**

-----------------------------------

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1